KNOWLEDGE – International Journal
Vol.30.5
March, 2019

# THE CONCEPT OF BEAUTY AND LOVE ON THE EXAMPLES OF POETRY

**Violeta Nikolovska**
University "Goce Delcev", Stip, Faculty of Educational Sciences, Macedonia,
violeta.nikolovska@ugd.edu.mk

**Abstract:** The central concept from which we began to create this work was the concept of beauty. This concept, in the linguistic sense, was approached by us on two occasions. This paper deals with the way we describe it in poetry by some of our authors. In philosophical terms, the beauty is associated with moral purity (Kant and Schiller) and with the truth (Schiller). These concepts are well and nicely related in theology, too. The language, as a reflection of the conceptualization of the world by a man, testifies this: in the semantics and the semantic development of the "beaut*y"* the meaning "good" is included. The illuminating book "Blessing" („Добротољубие")/ "Filokalia" is a book that unites the concepts of love - beauty - goodness. In poetry, the concept of beauty, is associated with women and with love. According to Kant, the beauty is a virtue immanent to the woman, while the man's virtue is noble. According to him, the nature (of man and woman) tends towards the fact that the man in the intercourse of the sexes will become more noble, and the woman, in the same way, will become more beautiful. The text explains that with the item "beauty" it is meant and/primarily the moral beauty. We chose to analyze two (male) poets, pillars of Macedonian poetry B. Koneski and G. Todorovski, to whom we eventually joined the third, no less important in his poetry, P. M. Andreevski. We analyze three songs by Koneski: "Beautiful Women", "Memorial" and "Nightmare". The subject of our interest is the feeling that dominates in the poems and the concepts associated with the beauty. G. Todorovski in our analysis is presented with the poem "Seven Reflections on the Motive of Flashing Poplar", and P. M. Andreevski with the poem "When I Loved Denizia".
We do not include poems as an integral part of our text, but we refer to them through appropriate links. The concept of beauty by G. Todorovski is not explicitly linguistically expressed. We find it on a plan of feeling. In the poetry of B. Koneski and G. Todorovski, the concept of beauty is related to love, and this connection was the reason that in the analysis was included the author P. M. Andreevski, with his anthological "When I Loved Denizia", which we take as the third example of expressing the concept of love. The analysis we offer shows (three) different language expressions of the concepts of beauty and love. Language images of the secrets of three of our poets (Rilke, according to R. V. Ivanović 2004).
**Keywords:** love, woman, beauty, poetry, philosophy

# КОНЦЕПТОТ НА УБАВИНАТА И ЉУБОВТА НА ПРИМЕРИ ОД ПОЕЗИЈАТА

**Виолета Николовска**
Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за образовни науки, violeta.nikolovska@ugd.edu.mk

**Апстракт:** Централен концепт од кој појдовме при создавањето на овој труд беше концептот убавина. На овој концепт во лингвистичка смисла сме му се приближиле во два наврати, овој труд се занимава со начинот на кој го откриваме во поезијата на некои наши автори. Во философски рамки, убавината се поврзува со моралната чистота (Кант и Шилер) и со вистината (Шилер). Концептите добро и убаво се поврзани и во теологијата. Јазикот, како одраз на концептуализацијата на светот од страна на човекот, го сведочи тоа: во семантиката и семантичкиот развој на *убав* се содржи *добар*. Светоотечката книга „Добротољубие" / „Filokalia" е книга која ги обединува концептите љубов – убавина - добрина. Во поезијата, концептот убавина, се поврзува со жената и со љубовта. Според Кант, уабвината е доблест иманентна на жената, додека на мажот доблест му е благородноста. Според него, од ова нужно произлегува дека природата оди кон тоа мажот во меѓусебниот однос на половите да го облагороди повеќе, а жената, на ист начин да ја направи поубава. Во текстот ќе се експлицира дека под убавина се мисли и/првенствено на морална убавина. Избравме да анализираме двајца (машки ) поети, столбови на македонската поезија Б. Конески и Г. Тодоровски, на кои на крајот им го приклучивме и третиот, не помалку значаен по својата поезија, П. М. Андреевски. Анализираме три песни од Конески: „Убавите жени" , „Спомен" и "Кошмар". Предмет на наш интерес е чувството кое доминира во песните и концептите кои се поврзуваат со убавината. Г. Тодоровски во нашата анализа е претставен со поемата „Седум навраќања кон мотивот трепетлика", а П. М. Андреевски со песната „Кога ја љубев Дениција". Песните не ги вклучуваме како интегрален дел од нашиот текст, туку на нив упатуваме преку соодветни линкови. Концептот убавина кај Г. Тодоровски

експлицитно јазично речиси и не е изразен. Него го среќаваме на план на чувство. Во поезијата на Б. Конески и Г. Тодоровски, концептот на убавина е поврзан со љубовта, и токму оваа врска беше причина во анализата да го вклучиме и П. М. Андреевски, со неговата антологиска „Кога ја љубев Деницијa“, која ја земаме како трет пример на изразување на концептот на љубовта. Анализата која ја нудиме прикажува (три) различни јазични изразувања на концептите убавина и љубов. Јазични слики на тајните на тројцата наши поети (Рилке, според Р. В. Ивановиħ 2004).

**Клучни зборови:** љубов, жена, убавина, поезија, философија

## 1. ВОВЕД

Почетен предмет на интерес при креирањето на овој труд, беше концептот на убавината. Си дадовме задача да определиме како е изразен кај некои наши поети. Ова е тема, доволно широка и богата со материјал за пообемно истражување кое може да добие и форма на монографски труд. Оваа идеја ни делува како доволно мотивирачки предизвик за некоја идна работа, која можеме да ја поставиме во интердисциплинарни рамки: лингвистичко – философско – книжевни. Во овој труд си поставивме поскромни цели. Се определивме за тројца истакнати поети, столбови на кои се потпира македонската модерна поезија: Б. Конески, Г. Тодоровски и П. М. Андреевски. Концептот на убавината, не го баравме само лингвистички изразен, иако во некои песни од Б. Конески што ги анализиравме, го среќаваме и експлицитно јазично изразен (и во еден наслов на песна). Се обидовме малку пошироко да го разгледаме. Во философијата, концептот убавина се врзува за вистината ( Шилер[15]), за моралната чистота (Кант[16]). Во теологијата, концептот убавина нужно е поврзан со концептот на доброто (за спојот на љубовта, убавината и доброто во називот „Добротољубие“ / „Filokalia“ в. Николовска 2018: 202; за духовната вредност на концептите убав и грд в. Николовска, Петрова=Џамбазова 2018). Во поезијата, читајќи ги нашите посочени автори, ја откривме врската љубов - убавина – жена (и кај едниот од нив – младост).

Љубовта сама по себе е највисока добродетел, ако можеме така, лаички да кажеме. Таа е најскапоцениот дар на човекот, највозвишеното чувство. Бидејќи избравме машки автори, неминовно, љубовта е врзана за жената. А саканата жена е убава. Неа убава не ја прави самиот физички изглед, колку што ја прави убава љубовта на избраниот, избраниот што ја сака. Всушност, и убавината како концепт се врзува за жената. Кант ја определува како суштинско внатрешно обележје на жената, како нејзина иманентна потреба: “Uzvišene osobine izazivaju poštovanje, a lepe ljubav… Ženama je urođeno jače osećanje za sve što je lepo, ljupko i kitnjasto. Već u detinjstvu one se rado doteruju i dopadaju se same sebi kad su ukrašene. Čiste su i vrlo osetljive prema svemu što izaziva odvratnost. … Vrlo rano stiču osećanje mere u ponašanju, umeju otmeno da se drže i da vladaju sobom, a sve to u uzrastu kad je naša lepo vaspitana muška omladina još neobuzdana, nezgrapna i smetena. Imaju razvijeno osećanje saučešća, meka su srca i sažaljive, lepo pretpostavljaju korisnom… Vrlo su osetljive i na njmanje uvrede i do krajnje istančanosti im je razvijena sposobnost da primete i najmanji nedostatak pažnje i poštovanja prema sebi. Ukratko, u sebi sadrže ono osnovno u ljudskoj prirodi po čemu se razlikuju lepe osobine od plemenitih i profinjuju i sam muški pol. … Vrlina žene je lepa vrlina. Žene će izbegavati zlo ne zato što nije pravo, već zato što je ono ružno, a moralno pozitivni su u njihovim očima oni postupci koji su moralno lepi.” (I. Kant 1988: 16-20, 43, 50, 52 преземено од https://protreptikos.wordpress.com/2008/08/24/lijepo-i-uzviseno-zensko-i-musko-ulomak-iz-imanuel-kant-o-lepom-i-uzvisenom/).

## 1. КОНЦЕПТОТ УБАВИНА И МЛАДОСТ КАЈ КОНЕСКИ.

За почеток, избравме да анализираме две песни од Б. Конески: „Убавите жени“ и „Спомен“[17].

Заедничката нитка што ги спојува двете песни е прецутената младост, прецутената убавина, неостварената желба. Иако насловот на првата песна го содржи поимот убавина, убавината на жената не е опеана. Таа е ставена во контраст со изгубената младост (која го конотира поимот убавина). Еве ги лексичките изрази на овој контраст: *прецутувале* (убавите жени) *како цут од кајсија, како мајски јоргован; нивниот постап на препелица набрзо го сопинала унечка; нивната младост поминувала како мирис на липа што го одвева ветрот; набрзо тие седнувале на порта со наведната глава и издадени коленици, со нечујна издишка.* Убавите жени во оваа песна на Конески се несреќни жени, бидејќи бргу прецутувале како цут од кајсија,

[15] https://pulse.rs/siler-o-lepom/ (преземено на: 23. 01. 2019)
[16] I. Kant, “O lepom i uzvišenom”, Grafos, Beograd, 1988.
[17] Линк на кој може да се најдат песните „Убавите жени“ и „Кошмар“ https://okno.mk/node/15803 ; „Спомен“ на “http://gbsk.mk/eknigi/blaze_koneski_zapisi.pdf

како мајски јоргован. Убавината произлегува дека е несреќна категорија, бидејќи одминува. Убавината се врзува за младоста.

Младоста, неостварената желба од младоста, нереализираната љубов, се опеани во песната „Спомен". На јазичен, лексички план доминираат антонимните лексеми: *Сега си ти стара и сега си ти тело клапнато цело, постанато; сега јас сум стар и сега станувам тело клапнато цело, и морна те спомнува мојата снага.* Споменот носи чувство на вина, поради пропуштената шанса во младоста: *и јас не можам да си простам, што не по твоја вина, ами по своја, не сум можел да го доближам како што можев твоето обличје бело, твојата снага што се нудела...* Песната „Спомен" е песна на една горчина, горчина која провејува и во песната „Убавите жени", кои *прецутуваат* и кои *о неправда, им припаѓале на неизбрани мажи*. Песната „Спомен" Г. Старделов (Старделов 1990: 44, според е-изворот) ја става во контекст со други песни од Конески за кои вели: „песни што капат како солзи, песни за ужасот на болната самотија кога стануваме питачи на љубов, кога љубовта е искорната до сувата почва на срцето, кога се станало тело клапнато, постанато".

Во оваа серија песни од Конески можеме да ја прброиме и песната „Кошмар".

Самиот наслов на пената е лексема со негативна конотација. Кошмарот е „заспивањето сам, во ноќ на желби и трескот". Чувството што го именува авторот е тага: *Јас таа тага ја знам.* Но тагата е меланхолична, тивка, спокојна. Сепак, песната пројавува и една жестокост од кошмарот во кој е авторот, од студенилото на саканата (*Ах зошто, зошто? Кога се враќаме ти пак си студна. Разочарана се леди од тебе душава блудна. Јас сум груб, јас сум луд, од тој студ!*). Жестокоста раѓа бунт и ја кристализира чистата желба на авторот, која е светлечкиот момент во песната: *Не, нејќам јас да биде така. Ме дави сува рака. Јас страдам дека сум сам, во кошмар дека се губам, а сакам да љубам, сакам да љубам!*

Тука и ќе ја завршиме анализата на овие неколку песни од Конески посветени на жената, убавината, младоста и љубовта. Во нив, ја видовме отсликана, горчината на авторот поради поминатата младост, нереализираните желби и љубови, но во нив Конески и го крикнува својот бунт и есенцијална потреба на секој човек – да љуби.

## 2. ТРЕПЕТЛИВАТА УБАВИНА КАЈ Г. ТОДОРОВСКИ

Еден поинаков концепт на убавината среќаваме во песната „Седум навраќања на мотивот трепетлика"[18]. Првите стихови од песната, првата строфа ја прикажува тополата средполка со позитивна вредносна оцена од аспект на естетиката, која овде е изразена со традиционален дискурс: *лична средполка.* Тоа е сликата на нејзината надворешност. Нејзината внатрешност е во контраст со нејзината убавина, како поим кој имплицира хармонија: *зелени клепки несон, зелена, нема разбранетост, средполе сон прегладнета.* Таа е нема, сон прегладнета. Нејзината душа, ако ја претпоставиме, тагува.

Сликата „ставата ѝ е зеленило пеперуги пленети вечно во вишна вертикала" ја отсликува како кршна девојка, висока, облечена во зелена тантела која на неа трепери.

Немирот на нејзината душа многу лирично го отсликуваат стиховите: „прекопната за спокој, неспокојна се траќа, трепери простум, се ѕвира во облаците, го следи патот, тагува по катунците, и ѕемне кога спотнат средлетните безветрини". Во стиховите се употребени многу ретки, архаични лексеми кои на дискурсот му даваат традиционален лик. Исконското е допрено во описот на тополата трепетлика. Опис кој се базира на контраст: надворешна убавина која бара спокојство и внатрешен нежен, како што е нежна тополата, треперлив немир.

Следните стихови ја бараат причината за нејзиниот немир: *ја мачи ли безсоница, во уплав ли се тресе, грешно, прегрешна јаловица занесена?* Безсоницата, уплавот во кој се тресе нежната трепетлика може да е поради нејзината „вина" *грешна, прегрешна – јаловица*. Но авторот и таква *грешна – прегрешна* ја гледа со љубов, го гледа нејзиниот занес: *Ја мачи ли безсоница, во уплав ли се тресе грешно-прегрешна јаловица занесена?* Колкава е љубовта на авторот, на нараторот на оваа лирична приказна гледаме во петтата строфа: таа за него би била и Крстеник, тој со Немир би ја крстел, ѝ се обраќа со милна игра на зборови – *немир, немирлика*, и повторно ја истакнува нејзината „вина": *неродна полска височија*. Трепетот на тополата, саканата е одраз на нејзината стравлива самотија. Вечерник да е, авторот трепетот би ѝ го брстел. Има ли поголема љубов некој во трепетот да ви ја покаже нежноста? И не само нежноста, туку и заљубеноста. Чудна е љубовта. Љубовта го гледа саканиот онаков каков што е во сета негова слабост и трепетливост, ја опева неговата трепетливост. *Колку е само плашливка, самата ќе ви рече, везден треперење: Утрина.*

[18] Песната ја разбираме како метафора за љубовта кон одредена жена. Линк на кој може да се најде песната: https://bit.ly/2SO5lid

*Пладнина. Приквечер*. За оној што го љуби македонскиот јазик, што го чувствува, изборот на лексичкиот фонд ја грее душата. Затоа што Гане Тодоровски, нашиот поет на јазична креација го бира и си игра со исконското. Она што е подзаборавено. Што е лирично во јазикот.

Последниот стих повторно ја истакнува причината на трепетот на „личната средполка", доведувајќи го во контраст со гнездата на птиците што се свиле во неа, сонот, рожбите, починката што ја имаат. Таа трепетлика, несонка, неротка, зелена неспокојничка останува да трепери. Трепери во срцето на авторот кој ѝ ја посветува песната, кој трепетот заљубено ѝ го брсти.

Седумката е број што симболизира целост. Во шест дена светот беше создаден, седмиот ден Создателот си отпочина. Седумте навраќања на мотивот трепетлика на Гане Тодоровски се една поема што личи на седум кругови што се прават во една небесно прозирна вода кога во неа ќе се фрли камче. Седумте навраќања на мотивот трепетлика се една нежност преточена во песна. Овде концептот на убавината никаде не е споменат. Напротив, лексиката што ја среќаваме како опис на саканата, трепетликата е со примарна негативна конотација: *несон, сон прегладнета, неспокојна се траќа, тагува, ѕемне, грешно – прегрешна јаловица занесена, стравлива самотија*. Сепак, љубовта со која е опишан трепетот на таа осамена топола, јазичниот избор на исконска лексика, проста, едноставна и нежна, отсликуваат една треперлива, исплашена убавина. Во песната, само со една лексема е именувана убавината (убавината на исплашената сакана неротка), само во една синтагма авторот експлицитно ја именува својата сакана *лична*: *лична средполка*, за потоа, љубовно, да продолжи со навидум „негативната" лексика: *лична средполка, средполе сон прегладнета.* Убавината, во „Седумте навраќања кон мотивот трепетлика" на Г. Тодоровски се провлекува, се манифестира како чувство, а не како јазичен израз. Лирична, чувствена манифестација и „ојазичување" на концептот убавина. Неповторливо.

## 3. ОНТОЛОШКАТА ДИМЕНЗИЈА НА ЉУБОВТА КАЈ П. М. АНДРЕЕВСКИ

Прегледот за концептот на убавината и љубовта во поезијата на наши еминентни писатели ќе го завршиме со еден автор, чија поезија посветена на жената, љубената жена има вонвременски димензии. Тоа е Петре Андреевски, а за оваа анализа ја избравме песната „Кога ја љубев Деница"[19] од циклусот именуван како „Деница". Пред да се обидеме да истакнеме некои елементи од оваа песна што ни оставија длабок впечаток, би сакале да ѝ дадеме име на оваа љубов кон жената, кон Деница која е опеана. Би можеле да кажаме дека ова е една онтолошка љубов. Не љубов страсна, не љубов нежна, не љубов трепетлива како кај споменатата песна на нашиот пречувствителен и прекрасен Гане Тодоровски, туку љубов онтолошка. Љубов на битието. Ќе приведеме само некои извадоци кои нè поттикнаа на вакво размислување: *Кога ја љубев Деница, како да калемев светлина на мракот; Кога ја љубев Деница ... како да ја одделував душата од телото; Кога ја љубев Деница, како да внесував летен воздух во воздухот зимен ... како што не можев да видам ништо освен неа, како што таа живееше додека јас умирав, како што и јас не знаев како би умрел, ако таа не се родеше.* Светлината што се раѓа во мракот е чинот на создавањето на светот од Бога, душата од телото не се дели, освен при прејака болка, љубовна болка која го разделува, поболува телото поради душевната желба, внесувањето летен воздух во воздух зимен е внесувањето топлина, што значи живот. Љубовта ја победува смртта. Љубовта е над смртта, но поради љубов и се умира. Ова е таа онтолошка димензија на малку е да ја наречеме „љубовната" песна „Кога ја љубев Деница" од Петре Андреевски. Последните стихови на авторот како да го отсликуваат прототипот на мажот, како битие. Мажот е тој кој е заштитиник, мажот е тој кој излегува од семејството надвор за да обезбеди егзистенција, мажот е тој кој ја создава и брани државата: *Кога ја љубев Деница, како да учествував во создавањето на првата Македонска Држава.* Настрана од модерните родови философии и идеи за еманципација, во „Деница" на Петре М. Андреевски е опеана исконската Љубов, во која се оживотворени прототипите. Интересно е тоа, што ликот на жената овде како да не е отсликан, туку споменато е само нејзиното име, кое кажува сè, а она што е опеано е сликата, всушност не сликата, туку самата љубов. Љубов која доведува до разделување на душата од телото, која се врзува со умирањето, но и раѓањето, која мажот го прави маж, а тој ја создава државата. Необично и исконско. Ретка песна на Петре М. Андреевски. Всушност, како што и самиот тој беше редок човек.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Анализирајќи ја поезијата на Конески во „Одземање на силата" (Старделов 1990: 29), Старделов вели: „Песните негови имаат сега покомплексна и послоевита содржина, тие киптат од мисла и смисла, ги

[19] На линкот: https://bit.ly/2E2IGEq

расветлуваат и разгатнуваат дамарите на човечкото битие, нѐ соочуваат со суштествените прашања, со длабоките јанѕи на човековата опстојба под небесниов свод. Но, песните негови треперат, исто така, од длабоки емоционални возбуди, од длабоки лични доживелици, од придушени субјективни неспокојства и немири, од тешки претчувства и лелеци. Тие, тоа се чувствува низ секој стих на Конески, настануваат под внатрешен душевен императив и под длабок емоционален диктат на неговото автентично доживување и откривање на неговиот сопствен живот, толку длабоко доживеан и изразен што се преобразил во поезија, станувајќи поезија“. Во овие зборови, Старделов како да ја сублимирал анализата на поезијата воопшто: таа настанува „под внатрешен душевен императив и под длабок емоционален диктат“ на „автентичното доживување на авторот и откривањето на неговиот сопствен живот“, или како што малку поинаку ќе каже Рилке (според Р. М. Ивановић 2004: 409) „уметност је тамна жеља свих ствари; све оне хоће да буду слика наших тајни“. Користејќи ги зборовите на Старделов, играјќи си со нив, би можеле да кажеме и дека: „Кога ја љубев Дениција“ на П. М. Андреевски „кипти од мисла и смисла, ги разгатнува дамарите на човечкото битие, нѐ соочува со суштествените прашања“; песната на Г. Тодоровски „трепери од длабоки емоционални возбуди, од придушени субјективни неспокојства и немири“, а Б. Конески... па всушност ова беше за него кажано. Чудесно ни се открива поезијата, чудесно ни се откриваат поетите самите себеси и, чудесно комуницираме ние што ги анализираме меѓусебе и со нив. Сѐ во еден чин на креација. А поезијата е креација.

Избравме тројца наши поети, секако не единствени и не единствено значајни, за да го побараме кај нив концептот на убавината. Концептот на убавината неизбежно нѐ доведе до жената и до љубовта. Секој од овие автори на различен начин ја доживеа саканата, убавата жена и на различен начин ја опеа.

Постои разлика помеѓу поезијата (книжевноста) и проучувањето на книжевноста (Velek i Voren 2004: 31-36). Анализирајќи ја книжевноста, авторот може да појде во правец на нејзино декомпонирање и сведување на нејзината анализа до чиста наука: семантичка, семиотичка, логичка, прагматичка, психолошка анализа. Нашиот обид беше да проговориме за позијата на наведените тројца наши автори не декомпонирајќи ги делата, туку отсликувајќи ги, преку еден чин на (ре)создавање.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] П. М. Андреевски, Дениција, Скопје: Култура, 1968.

[2] Р. В. Ивановић, Велики поредак песниковог бића, Зборник на трудови од Научната конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик,литература и култура, Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, стр. 409, 2004. Е-извор: http://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/2004-Literatura.pdf

[3] Б. Конески, Везилка, (второ дополнето издание) Скопје: Култура, 1961.

[4] Б. Конески, Записи, Скопје: Македонска книга, 1974.

[5] В. Николовска, Семантичките компоненти на лексемата *убав*, Скопје: Универзитет Св. „Кирил и Методиј“ Институт за Македонски јазик „Крсте Мисирков’ – Скопје, 2018.

[6] В. Николовска, С. Петрова-Џамбазова, Гордост и смирение (семантичка анализа на некои добродетели и нивните антиподи), In: Меѓународна научна конференција „Јазикот и културата - состојби и предизвици“, 6-7 ноември 2018. Е-извор: http://eprints.ugd.edu.mk/21265/

[7] Г. Старделов, Одземање на силата: поезијата на Блаже Конески, Скопје: Мисла, 1990.

[8] Г. Тодоровски, Спокоен чекор, Скопје: Македонска книга, 1971.

[9] I. Kant, O lepom i uzvišenom, Beograd: Grafos, 1988.

[10] R. Velek i O. Voler, Teorija književnosti, Beograd: Utopija, 2004.

Електронски извори:

https://pulse.rs/siler-o-lepom/ (преземено на 23. 01. 2019)

https://bit.ly/2SO5lid (преземено на 21. 02. 2019): Гане Тодоровски „Седум навраќања на мотивот трепетлика“

https://okno.mk/node/15803 (преземено на 21. 02. 2019): Блаже Конески „Убавите жени“ и „Кошмар“

http://gbsk.mk/eknigi/blaze_koneski_zapisi.pdf (преземено на 21. 02. 2019 ) Блаже Конески „Спомен“

https://bit.ly/2E2IGEq (преземено на 21. 02. 2019) Петре М. Андреевски „Кога ја љубев Дениција“